

# Вести од светот
## за млади и возрасни

2018 • **ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** •

ИНТЕРАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА



www.AdventistMission.org

# Нашите дарови на дело




Дел од даровите за 13-тата сабота во 2018 година помогнаа да се изгради центар за бездомниците „Добриот самарјанец“ и клиника за бесплатно лечење во Кингстон на Јамајка. Прочитајте ја приказната за бездомникот што го запознал Бога преку „Добриот самарјанец“, на 38. страница.

**СОДРЖИНА**


**Порторико**

5 Црква без ѕидови / 6 јануари

8 Сини фармерки / 13 јануари Т

**Белизе**

11 Британската кралица и небесниот Цар / 20 јануари

14 Пронаоѓање на првата љубов / 27 јануари Т

17 Главната готвачка напушта сè / 3 февруари

20 Одговор на молитвата на сопругата / 10 февруари

23 Храна која не е бајата / 17 февруари

**Мексико**

26 Втора шанса / 24 февруари Т

29 Изненадување со Бог / 3 март Т

**Тринидад и Тобаго**

33 Страшното куче / 10 март Т

**Јамајка**

35 Шиење за Исус / 17 март

38 Божјиот посвоеник / 24 март

**Извори**

41 Програма на 13-тата сабота / 31 март Т

46 Извори


Т = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Интерамериканската дивизија (ИАД) која се простира преку територијата на Карибите, Централна Америка и северниот дел на Јужна Америка. Во оваа област живеат над 300 милиони луѓе, меѓу кои 3,7 милиони адвентисти. Тоа претставува однос од 1 адвентист на секој 81 човек.

Ова тримесечје 3 проекти од 13-тата сабота ќе бидат остварени во Порторико, Тринидад и Мексико, и имаат една заедничка карактеристика – цел, со која сакаат да го забрзаат понатамошното ширење на евангелието во своите заедници.

Во Порторико собраните финансии ќе бидат употребени за изградба на повеќенаменски центар во кој над илјада луѓе ќе можат да се собираат и да ги организираат своите мисионски активности во кампусот на адвентистичкиот универзитет на Антилите.

Во Тринидад, во кампусот на универзитетот на Јужните Кариби, ќе биде изградена црковна зграда, која ќе го замени аудиториумот во кој луѓето во моментот се собираат на своите богослиженија. Универзитетската црква ќе има места за 1700 луѓе, и ќе биде опремена со потребните работи за саботната школа, детската служба, здравствената служба, како и со простории за медиски и мисионски центар за обука, како и сала за дружење. Во Мексико, југоисточната адвентистичка болница ќе биде проширена со повеќенаменска зграда, во која ќе можат да се добијат различни здравствени услуги, како и информации и семинари за превенција од болести во Виљахермоса.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе одат за:

1. Изградба на повеќенаменски центар на адвентистичкиот универзитет Антила „Мајагез“ во Порторико.
2. Универзитетска црква на универзитетот на Јужните Кариби во Маракас, Тринидад и Тобаго.
3. Изградба на повеќекатен центар, Југоисточна адвентистичка болница во градот Виљахермоса во Мексико.

**На насловната:**

Ракел Мареро Торес, помага при организирањето „црква без ѕидови“ која е наменета на бездомниците во Порторико, страница 5.

Можете да го погледнете шестминутниот видео-клип за овие проекти на bit.ly/iadprojects-2018

**СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission и да ја читате на фејсбук. Посетете ја и лајкувајте ја нашата фејсбук страница (Facebook.com/missionquarterlies).

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видео-записот, во кој се изнесение искуства на луѓето ширум светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео-клип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги прикажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските приказни, или можете да ги испечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или вашата саботношколска табла.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку вебсајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисонски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите доброволни дарувања.

Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

# Црква без ѕидови



Порторико / 6 јануари 2018

Ракел Mареро Торес, 52

Група верници на црквата се собирале во еден парк во Порторико во 5 часот наутро во сабота за да се молат, да ја читаат Библијата и појадуваат. Тие не очекувале дека бездомници ќе ги посматраат, кога една сабота ќе бидат исфрлени од своето вообичаено место на собирање, поради некои настани во градот, и ќе бидат принудени да се собираат на еден градски плоштад.

Меѓутоа, една работа трајно ги променила нивните состаноци. Нивните месечни собирања се претвориле во седмични богослуженија со организиран појадок за бездомниците кои доаѓале.

Минатиот Велигден, пасторот го водел специјалното богослужение, кога во црквата имале обред на понизност (миење нозе) и света вечера со симболите на Христовата крв и тело, леб и вино.

„Овие наши собирања ги нарекуваме црква без ѕидови", вели Ракел Mареро Торес, 52-годишна универзитетска професорка по математика, која ги организира саботните оброци.

Црквата без ѕидови е еден од начините на кои адвентистите се обидуваат да ја шират Исусовата љубов во својата локална средина во Порторико, американска територија, која се простира на површина од 160 км *55 км, на Карипското Море. Некои цркви организираат седмични оброци во своите простории, а други ги испраќаат своите верници да чистат, да помагаат, да отстрануваат дефекти во домовите на луѓето, во текот на седмицата.

Црковната група на Ракел се состанувала еднаш месечно во паркот во градот Мајагез, на западниот брег на Порторико, каде што се наоѓа и адвентистичкиот универзитет Антила.

Меѓутоа, поради организирањето на некој настан во 2012 година, градските власти ги натерале овие верници да се преселат од паркот

во еден од градските плоштади. Додека таму заедно појадувале, еден верник од црквата забележал неколку бездомници и ги повикал да им се придружат на појадокот.

„Од тој ден, решил самостојно секоја сабота да доаѓа на тоа место и да ги храни бездомниците", вели Ракел.

Овој човек, кој е сопственик на мала фирма, секоја сабота носел житарки, сендвичи, свежо овошје и сокови во наредните неколку месеци. А, потоа ја замолил Ракел да појде со него, велејќи ѝ: „Не сакам само да им носам храна, сакам и да им го претставам Бога, кој е полн со љубов".

Ракел, активна верничка во својата црква, се согласила да дојде со него наредната сабота.

Тоа саботно утро, таа ја отворила својата Библија и читала од неа пред 35 мажи и жени. Потоа почнала редовно да доаѓа, преземајќи ја обврската да ги организира оброците за бездомниците во текот на 2017 година.

Сега меѓу 65 и 70 лица се собираат во 7 часот наутро секоја сабота, да слушаат од Божјата реч и да појадуваат. Гостите седат на столчињата што ги поставиле волонтерите, и тука пеат и го слушаат пасторот кој изнесува дваесетминутна духовна порака. Пасторот неодамна водел група во проучувањето на основните библиски вистини. 40 лица го завршиле курсот на основните духовни вистини од Библијата и со автобус биле однесени во блиската адвентистичка црква, за да примат свидетелства и дипломи.

Ракел била позитивно изненадена што мнозинството луѓе доаѓале во 7 наутро, иако знаат дека појадокот ќе биде поделен 45 минути подоцна.

„Ние почнавме така што најпрво им дававме храна, меѓутоа, сега имаме луѓе кои доаѓаат затоа што сакаа да ја слушаат Божјата реч. Тие седнуваат, ја отвораат Библијата, а сакаат и да пеат. Ова е навистина прекрасно".

„Неделните собирања прераснаа во семејни собирања. Ние се смееме и плачеме. Во меѓувреме, некои луѓе заспаа во Господа. Меѓутоа, ја напуштија оваа земја со надеж во срцето. Ние сме едно семејство". Многу луѓе кои доаѓаат на ваквите собирања, го имаат бројот на мобилниот телефон на Ракел и можат слободно да ѝ се јават ако се разболат или имаат некоја друга потреба во текот на седмицата. Некои не се повеќе бездомници, откако градските власти

одлучија да им обезбедат сместување. Верниците на црквата им помогнаа да се вселат во своите нови домови и истите ги опремија.

Програмата појадок на отворено се финансира од донациите на верниците на црквата и други луѓе. Еден волонтер има мајка која работи во една голема меѓународна фирма, која донираше ранци со работи за лична хигиена (шампони, сапуни, пасти за заби, крпи), и кои им ги подели на жените за 8 март, а на мажите за денот на татковците.

За велигденските празници, волонтерите организираат голема прослава на градскиот плоштад. Тие носат столчиња и леѓени од црквата, а потоа пасторот изнесува духовно размислување. Многу луѓе не можат да ги задржат своите емоции додека учествуваат во обредот на понизност. Се чувствуваат како со миењето на нозете, сите нивни гревови да се испрани и простени.

„Ова е прв пат да доживеат вакво искуство“, вели Ракел. „Беше навистина прекрасно!“ Ракел не знае колку лица се крстиле и се придружиле на црквата, но сигурна е дека Светиот Дух работи на срцата на луѓето. „Ние знаеме дека посеаното семе ќе го донесе својот плод. Секој пат стануваме осведочени дека овие луѓе навистина го сакаат Бога“.

Меѓу волонтерите во оваа програма има и студенти од адвентистичкиот универзитет Антила, кои ќе добијат дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје.

Овие средства ќе бидат употребени за да се отвори центар на влијание и евангелизам на кампусот на универзитетот. Ви благодариме што со вашите дарови ги поддржувате мисионските активности на Христијанската адвентистичка црква.

(Погледнете го краткото видео на јутјуб: bit.ly/raquel-torres)

## Брзи факти

**Статутот на Порторико гарантира слобода на религијата. 75% од луѓето себеси се сметаат за католици, додека 25% припаѓаат на некоја протестантска деноминација.**

**Унијата на области на христијанската адвентистичка црква на Порторико опфаќа 310 цркви и 32,875 верници. Вкупната популација на Порторико е 3,415,000, меѓу кои на секое 104 лице, еден е христијанин адвентист.**



# Сини фармерки

**Порторико / 13 јануари 2018**

**Кермит Торес Кастељано, 39**

Татко ми пораснал во адвентистичко семејство во Порторико, но ја напуштил црквата кога некој ја критикувал неговата свршеница затоа што дошла во сини фармерки во црква. Во тоа време, мојот татко имал 19 години, и дошол во црквата со мојата идна мајка, која припаѓала на една друга христијанска деноминација. Татко ми бил многу лут, затоа што некој рекол дека мајка ми не била соодветно облечена, и поради тоа тој ја напуштил црквата.

Јас пораснав во дом на полициски службеник. Татко ми беше крупен, мускулест припадник на специјалните единици, и себеси се сметаше за вистински супермен. Сакаше да се тепа, да пуши и да пие. На мене и на мојот помлад брат знаеше да ни каже: „надвор преживуваат само најсилните. Мора да бидете силни за да преживеете".

Годините минуваа, а моите родители се разведоа. Кога татко ми имаше 45 години, беше хоспитализиран поради некој сериозен здравствен проблем. Докторот рече дека неговиот дигестивен апарат е гнил, како резултат на скромниот животен стил. Докторот по оперативен пат му извади 3 метри црева.

Додека заздравуваше од хируршката интервенција, татко ми доживеал задушување, бидејќи му откажал респираторниот систем. Во тие четириесетина секундим целокупниот живот му поминал како филм пред очите. Ги увидел своите гревови, и колку пати го отфрлал Исуса кој се обидувал да допре до неговото срце. Беше обземен со страв за својата иднина. И во тој миг почувствувал како две цврсти раце се испружиле кон него одозгора, и слушнал глас кој му рекол: „Не грижи се! Ти си во моите раце. Истиот момент, повторно можел слободно да вдиши воздух.

По заминувањето од болницата, татко ми го предаде својот живот

во Исусови раце и се врати во адвентистичката црква. Но, беше загрижен за своите двајца синови. Се молеше велејќи: „Ме спаси, но што ќе се случи со моите синови?“

Во тоа време имав 27 години. Работев како возач на камион. Бев зависник од цигари, алкохол, хероин и кокаин. Мојот брат беше сатанист. Носеше црна облека, ставаше кармин на своите усни и ги лакираше ноктите. Имаше 32 пирсинзи на своето лице. Во својата соба ги офарба во црно таванот и ѕидовите, и слушаше хеви метал музика додека спиеше.

Татко ми се обидуваше да ни зборува за Бога и за Библијата, но ние не бевме заинтересирани. Стана фрустриран од тоа што ние ги одбивавме неговите напори да ни го претстави Исус. Но, го промени својот пристап, откако го прочита стихот: „Да, Господ зборува вака; „На јунакот ќе му биде одземен пленот, заробениот ќе му избега на победникот! Со оние што се спорат со тебе, Јас ќе се спорам, Јас ќе ги избавам твоите деца“ (Исаија 49,25).

Своите синови ги стави во Божји раце. Јас не го познавав Бога и не знаев дека мојот татко се моли за мене. Меѓутоа, за кратко време ми се случи еден чуден настан. Во петок се состанав со своите пријатели, со кои инаку ги поминував викендите посетувајќи ги клубовите и одејќи на забави. Така направивме и овој викенд.

Кога се вратив дома во понеделник, почувствував голема празнина во својот живот, копнеев за подобар живот. Се помолив велејќи: „Господе, Те молам помогни ми, и направи нешто во мојот живот, бидејќи ќе загинам на улица или ќе добијам некоја болест од некоја девојка“.

Не знам што ми направи Исус, но наредното утро се почувствував многу поинаку. Ја изгубив секоја желба за цигари, алкохол и дрога. Сакав само да бидам со Исус. Никогаш повеќе во својот живот не ги употребив тие супстанции.

Десет години подоцна, јас сум 39-годишен адвентистички пастор во Порторико. Оженет сум со една прекрасна жена и имаме пет деца. Мојот брат му служи на Бога во една адвентистичка црква во американскиот град Бостон. Ја имав таа привилегија да го крстам мојот брат пред 5 години.

Татко ми повторно се ожени, и остана верник на црквата во Порторико.

Пред многу години татко ми и јас се шегувавме дека ќе одиме во клубови и ќе пиеме заедно кога ќе пораснам. Меѓутоа, сега одиме заедно в црква.

Ако Исус можеше да направи такви промени во нашиот живот, Бог тоа може да го направи и во животот на секој друг.

(Кермит Торес Кастељано служел како пастор седум години, а сега е на мастер студии по теологија на адвентистичкиот универзитет Антила „Мајагез" во Порторико.)

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени да се изгради центар на влијание и евангелски центар, кој ќе помогне да се допре до луѓето од локалните средини.

(Приказната за Кермит Кастељано е раскажана од Ендрју Мек Чизни)

(Прочитајте ја приказната за искуството на Кермит на адвентистичкиот универзитет Антила, на страница 6 од детското мисионско списание или на линкот: bit.ly/rice-and-beans)

## Брзи факти

**Кристифор Колумбо го открил Порторико во 1493 година, по една година откако ја открил Америка. Новооткриената земја ја нарекол Сан Хуан Батиста, според Јован Крстител.**

**Кујната во Порторико е мошне зачинета, и претставува мешавина меѓу шпанско, американско, британско и африканско влијание.**

**Иако Порторико му припаѓа на САД, на олимписките игри се натпреварува индивидуално, освојувајќи вкупно 9 медалји, 6 во бокс, 1 во атлетика, 1 во тенис и 1 во борење.**

**Улиците во Порторико се поплочени со сина калдрма.**

**Во Порторико живее најголемиот реприл на светот – морската желка.**



# Британската кралица и небесниот Цар

**Белизе / 20 јануари 2018**

**Летиција Август, 60**

Највозбудливиот ден во младите години на Летиција бил кога баба ѝ од Гватемала, кај која живеела, ја испратила да живее кај другата баба во Белизе. Нејзините родители биле непоколебливи почитувачи на неделата. Летиција била уморна од нивните приказни дека не може да се однесува како останатите девојчиња.

„Кога се преселив, сфатив дека тоа беше вистинското време за промени во мојот живот“, кажува Летиција.

Почнала да оди на игранки и забави. Конечно се почувствувала слободна. Меѓутоа, една мисла секојдневно ја мачела: што ќе се случи со неа ако умре таа вечер?

По некое време, една брачна двојка адвентисти почнала да го посетува нејзиниот вујко, кој живеел со нив и заедно ги проучувале библиските лекции. Летиција тогаш имала 17 години. Ги наслушнувала разговорите од својата соба и вознемирено размислувала, „Тоа не вистина, Библијата не учи така!“

Адвентистите зборувале за дарот на јазикот. Читале од Делата апостолски дека, она што учениците го проповедале, секој треба да го разбере на својот јазик. Но, Летиција била научена дека зборувањето јазици е всушност мрморење кое никој не може да го разбере.

На крај, решила да излезе од својата соба. Тогаш им се обратила на адвентистите, „Ова што вие го зборувате, не е вистина“. Се обидела да им го претстави својот начин на размислување.

Низ дискусија почнала да ја проучува Библијата со своите соговорници. По некое време, почнала да доаѓа во црква и набрзо од-

лучила да се крсти.

Меѓутоа, нејзините роднини ги отфрлиле нејзините идеи, зборувајќи дека адвентистичката црква е секта, и ако некогаш одлучи таму да биде крстена, може да заборави дека овде има семејство.

Околу нејзиното крштавање водела тешка борба. На денот, кога требало да се крсти, таа не се појавила. Си заминала на забава, но сепак одлучила да се крсти.

Таа вели: „Меѓутоа, Господ не ми даваше мир, сè додека не отидов и сама не побарав да бидам крстена". Пасторот тогаш ме праша, „Дали си сигурна дека навистина сакаш да се крстиш?" „Да! Сигурна сум! Во тој момент бев уверена, како што сум и сега, дека ја донесов вистинската одлука. Слава на Бога за Неговата милост и што ми пружи втора прилика."

Роднините на Летиција биле многу лути. Ја притискале да се откаже од својата вера, во храната ѝ ставале нечисто месо, така што не можела да јаде. Со недели живеела на колачиња и млеко. Вистински оброк имала само во сабота, кога верниците од црквата ја канеле на ручек.

„Тогаш научив дека својата врата треба да им ја отвораме на новокрстените верници, затоа што најчесто не знаеме што се случува во нивниот живот", смета Летиција.

„Потребно е да ги запознаеш и да ги засакаш".

Набргу се вратила во Гватемала, кај својата мајка. Таа промена во нејзиниот живот ја водел Бог. Кратко време потоа, го запознала својот иден сопруг и се омажила. Летиција станала медицинска сестра и со својот сопруг основала 3 цркви во Гватемала и Белизе.

Оваа брачна двојка довела околу 1 000 луѓе до крштевање.

Во меѓувреме, сопругот на Летиција умрел, но таа останала 60-годишен активен верник на црквата во Белизе, каде и денес живее.

Во 2016 година, Летиција примила орден од британската кралица Елизабета II за најголеми заслуги на британската империја, во знак на признание за својата општествена работа.

„Некој го предложил моето име", изјавува скромно Летиција. Меѓутоа, она што најмногу ме инспирира да одам напред не е на-

градата добиена од луѓето, туку постојано ги имам пред мене мислите како Бог ми вели, „Оди и направи го тоа за Мене“. Ние сме Негови слуги. Би сакала тоа да го слушнам еден ден од него, „Тогаш неговиот господар му рече: ‘Добро, сакан и верен слуго! Си бил верен во малку, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар!’» (Матеј 25,21).

Знам дека Бог ме повика. Веќе 43 години сум во црквата, а мојата љубов кон Него од ден на ден станува сѐ посилна.

Белизе примил дел од даровите за 13-тата сабота во 2015 година, кои се употребени да се изгради камп за евангелски активности, како и за црковната конференција. Ви благодариме што со своите мисионски дарувања го поддржувате Белизе и другите држави во Интерамериканската дивизија (ИАД).

## Брзи факти

**Англискиот е официјален јазик во Белизе. Се употребува и неофицијалниот креолски јазик, и покрај тоа што шпанскиот е втор официјален јазик.**

**Иако Белизе е независна држава, британската кралица и понатаму е симболичен поглавар на државата и меѓу своите титули го носи и називот „кралица на Белизе“.**

**Иако градот Белизе е најголем град, главен град на Белизе е Белмопан, откако ураган речиси го уништил градот Белизе во 1961 година.**

**Зградата на народното собрание во Белмопан е дизајнирана да личи на храмот на Маите.**

**Гватемала смета дека Белизе е дел од нејзината територија бидејќи се базира на англо-гватемалскиот договор од 1859 година.**

**Пред да стекне самостојност, Белизе бил познат под називот Британски Хондурас.**



# Пронаоѓање на вистинската љубов

**Белизе / 27 јануари 2018**

**Џејмс Пескасио 62 и Луиза Пескасио 65**

Џејмс и Луиза пораснале како пријатели од детството во државата на Централна Америка, Белизе.

Кога пораснале, имигрирале во САД поради работа и подобар живот. Луиза водела неколку работи во Калифорнија 30 години, а Џејмс работел како инжењер во „Моторола" во Калифорнија, Тексас и Илиноис.

Кога дошло време да се пензионираат, и двајцата се вратиле во Белизе, го обновиле своето познанство, увидувајќи дека и двајцата биле сами.

Џејмс набргу ја повикал Луиза на вечера. Таа имала едно прашање. „Кој е на прво место во твојот живот?" – го прашала.

„Бог", одговорил.

„Добро, тогаш можеме да продолжиме да разговараме".

Луиза била нетрпелива да му раскаже на Џејмс што дознала за саботата. Џејмс имал свои новости кои сакал да ги сподели со неа. Почнале да разговараат.

Луиза дознала за саботата кога посетувала една евангелска серија предавања во САД, меѓутоа, не размислувала многу за тоа, додека не се вратила во Белизе и отворила мал хотел.

Почнала да ја проучува Библијата внимателно. Откако прочитала за десетокот, почнала да враќа на Бога 10% од своите приходи. Бидејќи прочитала за сексуалната моралност, одбивала да издава соби на невенчани двојки. Потоа, почнала да истражува информации за вистинскиот ден за прославување на Бога. Сакала да продолжи да

доаѓа во црква во недела, но исто така сакала да биде послушна и на Библијата.

„Барав во Библијата потврда, дека е правилно да се празнува неделата", вели Луиза во својот дом во градот Дангрид. „Меѓутоа, колку повеќе проучував, сè повеќе Бог ме уверуваше дека саботата е вистинскиот ден за богослужение".

Потоа Луиза го прочитала посланието до Евреите 4,4-11, каде пишува, Зашто негде за седмиот ден е речено вака: „И во седмиот ден Бог се одмори од сите Свои дела... Денес, кога ќе го чуете гласот Негов, не стврднувајте ги срцата ваши" (Евреите 4,1.7).

Кога го прочитав ова, застанав и реков, „барав од Бога да ми покаже дали треба да продолжам да ја празнувам неделата, и еве, сега имам доказ".

Ова сознание ме доведе до една дилема. Хотелите се отворени седум дена во седмицата и Луиза не знаела што да прави. Во секоја соба ставила примерок од Библијата и од книгата „Патот до Христа" од Елена Вајт. Престанала да ја пере облеката и постелнината, ниту да ги работи другите редовни работи што некогаш ги вршела и во сабота. Но, не знаела дали тоа било доволно.

Џејмс, кој повторно се спријателил со Луиза, по толку години, исто така не знаел што да прави. Рекол дека е важно да се молат и да го слушаат Божјиот глас. Ѝ раскажал на Луиза дека еднаш неговиот брат го повикал на пат од Калифорнија во Белизе. Ноќта, пред да тргнат на пат, отишол кај својот пријател и му рекол дека не се чувствува пријатно во врска со тоа патување.

„Немој да одиш", му рекол пријателот. „Послушај го тој внатрешен глас".

Меѓутоа, Џејмс чувствувал обврска дека мора да оди, бидејќи му ветил на својот брат. Подоцна, таа вечер, автомобилот не сакал да запали, и така некој морал да го превезе до куќата на брат му.

Меѓутоа, и понатаму не сакав да го послушам гласот кој ми зборуваше да не одам на тој пат", рекол Џејмс.

Браќата тргнале на работа рано наутро. Кога поминувале низ Мексико, пукнала гумата на автомобилот додека Џејмс возел. Автомобилот по инерција почнал да се превртува, а брат му на Џејмс излетал низ прозорецот. Џејмс доживеал неколку сериозни повреди на лицето и рацете и наредните два дена ги поминал во болница.

Неколку дена подоцна, кога бил во Белизе, видот нагло му се влошил, почнал двојно да ги гледа работите, и така морал под итно да се врати во САД на хируршка операција на окото.

Таа несреќа направила целосен пресврт во животот на Џејмс.

„Почнав повторно да одам во црква и својот живот да го насочувам кон Бога. Сфатив дека, ако го послушав внатрешниот глас да не одиме на тој пат, ќе ги избегнев сите проблеми кои подоцна ги имав".

Џејмс и Луиза сфатиле дека и двајцата го барале Божјото водство во својот живот, и решиле да се венчаат. Оделе во црква секоја сабота и станувале сè поубедени дека треба да ја напуштат работата со хотелот. Но, на кој начин?

А потоа, Бог направи едно прекрасно дело за нас", вели Луиза.

Еден ден Луиза, во разговор со еден американски клиент на хотелот, рекла дека не била на одмор 20 години, и дека сега навистина многу добро би ѝ дошол еден одмор. Наредниот ден клиентот се понудил да го откупи нејзиниот хотел.

Луиза и Џејмс во меѓувреме биле крстени и сега се активни верници во својата локална црква. Благодарни се на Бога што им ја дал саботата како ден за одмор и што имаат можност да го прославуваат Бога секој седмица.

„Она што се случи со нашите работни места беше вистинско чудо", заклучува Лузиа.

(Погледнете ги кратките видео-клипови на оваа брачна двојка на јутјуб. Видеото на клипот на Џејмс е на линкот bit.ly/james-pescascia, а на Луиза на:bit.ly/louise-pescascia)

## Мисионски информации

**Според последниот национален попис, 40,1% од популацијата се изјаснуваат како римокатолици, а 31,8% како протестанти.**

**Белизе има 92 адвентистички цркви со 43,5000 верници. Од вкупната популација на Белизе од 388,000,11% се христијани адвентисти.**

**Адвентната вест стигнала во Белизе, тогашен Британски Хондурас, преку адвентистички публикации во 1885 година. Госпоѓата Е. Готеро од Хондурас, по своето обраќање додека била во Калифорнија, ја ширела адвентистичката литература во двете земји.**



# Главната готвачка напушта сè

**Белизе / 3 февруари 2018**

**Мерцедес Руиз, 54**

Мерцедес Руиз била вработена жена. Шест дена неделно работела како главна готвачка во хотелот Радисон и подготвувала оброци за патниците од првата класа на авиокомпанијата Американ Ерлајнс. Во недела одела во црква, и тоа не само во една, туку во три различни.

Мерцедес, која по потекло е од племето Маи, и живее во Белизе, држава во централна Америка, копнеела да биде што поблиску до Бога. Меѓутоа, се чувствувала празно, иако одела на три црковни служби.

Се свртела кон Библијата и почнала да ја проучува книгата на пророкот Даниел. Читајќи ја деветтата глава, забележала дека Даниел постел и се молел додека му служел на Бога.

„Господе, ако Даниел можел да живее така, те молам помогни ми да можам и јас", се молела Мерцедес.

Постела и се молела. Секој ден ја повторувала молитвата од Книгата на пророк Даниел 9-тата глава, која завршува со зборовите: „Чуј Господи, Господи прости ни, Господи погледај и изврши, не колебај се поради Самиот Тебе, Боже мој, зашто името Твое се призива во Твојот град и во Твојот народ!" (Даниел 9,19).

Едно неделно попладне, по тројната црковна служба, Мерцедес забележала неколку флаери расфрлани на тротоарот. Подигнала еден, го разгледала и видела дека зборува за евангелска серија предавања, кои ги одржува адвентистичката црква и почнувале истата вечер.

Таа вечер, отишла на предавањето, а продолжила да оди и на сите

останати. Во сабота зела слободен ден од работа за да присуствува на предавањата, и излегла напред кога пасторот ги прашал присутните на предавањето – кој сака да биде крстен.

Нејзината шефица била вознемирена кога Мерцедес во понеделник изјавила дека не сака повеќе да работи во сабота.

„Порано немаше проблем околу саботата", ѝ рекла шефицата. „Да не си убила некого или можеби си направила некој друг престап? Зошто мораш тоа да го правиш?

„Сметам дека тоа е Господов ден. Јас сакам да бидам близу до Него", одговорила Мерцедес.

Бидејќи не добила поддршка од својата шефица, Мерцедес одлучила да даде оставка. Напишала писмо со оставка и го предала на директорот на компанијата.

Директорот го прочитал писмото, го искинал и пепелта ја фрлил во ѓубрето.

„Да си замислиме дека никогаш не си ми го дала ова писмо. Ќе ти дадам слободна сабота и ќе добиеш и зголемување на платата".

Шефицата била многу лута, кога дознала дека Мерцедес повеќе нема да работи во сабота. Ѝ давала на Мерцедес дополнителни работи и кратки рокови да ги исполни.

Мерцедес побарала од Бога сила за да издржи.

Еден ден, кога Мерцедес дошла на работа, дознала дека нејзината шефица во меѓувреме загинала. Шефицата, која била мажена и имала деца, претходната вечер отишла на таен романтичен состанок со друг човек, на брегот на морето. Нивниот состанок го прекинале вооружени крадци, кои бегале од местото на злосторот, ги убиле и двајцата и им ја украле колата.

Мирот се вратил на работното место на Мерцедес. „Уживав во секоја слободна сабота, како и во останатите работни денови", кажува таа.

Меѓутоа, тоа е само почеток на приказната на Мерцедес. Неколку години подоцна, таа и самата останала вдовица, откако нејзиниот сопруг починал, а возрасните деца си заминале секој по својот пат.

Повторно го посветила својот живот на Исуса и побарала од пасторот да ја проучува Библијата. Бидејќи пасторот ѝ ветил дека ќе дојде кај неа во петок навечер, Мерцедес размислувала – „Ако ова

проучување на Библијата е доволно добро за мене, сакам да го споделам и со некој друг“.

Ги повикала своите соседи. Подигнала шатор пред својата куќа во дворот, поставила столчиња и подготвила вкусно освежување. Поставила и стол за пасторот на средината од шаторот.

Кога дошол тој петок навечер на проучување, пасторот се изненадил кога видел како го чека поголема група луѓе. Кога проучувањето завршило, пасторот најавил дека и наредниот петок ќе биде одржано проучување. Сега Мерцедес била изненадена. Таа мислела дека проучувањето ќе биде само во текот на таа вечер.

Како што се одвивале библиските проучувања, така растел и бројот на присутни луѓе. Бидејќи во нејзиниот град не постоела адвентистичка црква, Мерцедес од својот дом направила домашна црква, во која нејзините соседи можеле да го слават Бога секоја сабота. Во текот на проучувањето, шеснаесет души биле крстени. Мерцедес помогнала да се основа прва самостојна адвентистичка црква во градот, една година подоцна.

Меѓутоа, таа сакала да прави многу повеќе за Бога. Сакала да допре со евангелието до припадниците на својот народ, Маите. Станала пионер на светската мисија, мисионер кој основа цркви во областите во кои нема цркви. Мерцедес сега води црква меѓу народот Маи, во главниот град на Белизе, Белмопан.

„Тоа е начинот на кој сум вклучена во мисионското дело. Ја сакам оваа мисионска работа. Тоа е нешто на што го посветив целокупниот мој живот, и многу ум среќна додека го правам тоа“.

## Брзи факти

**Белизе има најмала густина на населеност во Централна Америка со само 15 луѓе на км2.**

**Во прашумите во Белизе се наоѓаат повеќе од 500 видови орхидеи. Црните мајмуни врекавци, кои живеат во Белизе, спаѓаат меѓу десетте најгласни животни на светот.**

**Индискиот орев расте во шумите во Белизе. Тој расте како семе на овошје кое се вика индиска јаболка. Таа се јаде, но нејзината кора е отровна и пред овошјето да се јаде, мора да се излупи.**



# Одговор на молитвата на сопругата

**Белизе / 10 февруари 2018**

**Олга Чи и Џони Чи, 70**

*(Погледнете ја краткатa приказна на јутјуб за Мерцедес на линкот:* y/mercedes-ruiz)

Прв пат кога Олга Чи го запрашала својот сопруг, дали сака да оди со неа во адвентистичката црква, тој отсечно одговорил, „Ќе одам со тебе во која било црква, само во таа не!“

Џони сметал дека адвентистичката црква е секта, одбивајќи го и другиот повик на Олга неколку седмици подоцна.

Олга и Џони барале во црква во која би оделе во малото гратче Оранж Волк од 15,000 жители, кој се наоѓа во Белизе, во централна Америка. Ниеден од нив двајцата не бил посебно религиозен, но Олга била преокупирана со желбата да оди во црква.

Оваа брачна двојка, заедно со пријателите, била неколку пати во некоја конзервативна црква што ја празнувала неделата, но нешто не било во ред.

„Кога и да излезевме од црквата, си продолжувавме да живееме по старо, непроменети. Вечерите ги поминувавме во коцкање со пријателите, а мојот сопруг пиеше. Јас чувствував празнина која не ја разбирав“.

Во куќа покрај нивната, живеела една брачна двојка адвентисти. Жената често доаѓала до оградата и разговарала со Олга. Неколку пати ја повикала Олга и нејзините три деца во црква.

На крај Олга завршила во либералната неделна црква, а Џони таму ги засакал верниците. Во таа црква оделе наредните пет години.

А потоа, Олга и Џони повторно почнале да чувствуваат дека нешто недостасува во нивниот живот. Во молитва барале од Бога да им помогне.

Неколку дена подоцна, некој роднина го повикал Џони и побарал помош од него, околу пица-ресторанот, во друг дел од државата.

Кога Џони отишол, Олга се молела на Бога, „Боже, ако е твоја волја да се преселиме, те молам, дај ми знак. Тој знак нека биде, од куќата да не морам ништо да понесам, освен децата и облеката што ја носам“. Никому не кажала за оваа нејзина молитва.

Четирите седмици поминале. Џони ја повикал Олга за да ѝ соопшти дека децата и таа треба да се преселат.

„Не грижи се, ќе имаш сѐ – дом, училиште за децата, мебел во куќата. Ќе имаш сѐ што ти е потребно, освен струја.

Ова звучело како одговор на нејзината молитва, така што Олга со своите деца се преселила. Ја пронашла црквата која припаѓала на истата деноминација како во градот во којшто живееле порано. Библискиот стих на влезот во црквата го привлекло нејзиното внимание: „„Денес ако го чуете Неговиот глас, не закорувајте ги вашите срца“ (Евреите 3,15).

Олга го читала тој стих секоја недела во наредните 6 месеци. По некое време, Џони ја завршил својата работа со пиците, и семејството повторно се вратило во Оранж Волк. Олга и Џони се вратила во својата стара црква, но и понатаму чувствувала дека нешто не е во ред.

Едно утро, Олга го вклучила радиото и почнала да ја слуша програмата на адвентистичкиот евангелист Даг Бачелор, во која зборувал за саботата како ден во кој треба да се слави Бог.

„Од некоја причина, моето срце затрепери додека тој зборуваше, а потоа се сетив на стихот од Библијата кој вели дека, кога ќе го слушнете повикот, не треба да чекате срцето да ви се стврдне. Знаев дека е потребно да дејствувам“.

Олга го пронашла Џони во ресторанот што неодамна го отворил, и истиот момент го запрашала: „Што мислиш за саботата?“

Џони налутено ѝ рекол „Не сакам ништо да слушнам за саботата! Ден за одмор може да биде и среда, и петок или кој било друг ден во седмицата. Тоа воопшто не е важно“. Олга одговорила: „Ако се караме околу ова, тогаш таквиот дух не е од Бога. Да го оставиме тоа засега“.

Тоа попладне, додека сѐ уште била во ресторанот, Олга клекнала

да се помоли на Бога, велејќи: „Боже, ако е твоја волја да ја држам саботата, направи мојот сопруг да дојде со мене во црква. Ти го создаде семејството, и не сакаш да го растураш".

Таа вечер, Олга си легнала во девет часот. Кога во текот на ноќта станала за да отиде во купатилото, забележала дека Џони седи пред компјутерот со отворена Библија на масата. Барал нешто. Не кажал ни збор, а Олга се вратила назад во креветот.

Тоа утро, кога Олга се разбудила и почнала да се подготвува за да оди на работа, Џони ѝ се обратил со зборовите, „Знаеш што, потполно сум убеден дека треба да ја држиме саботата".

Олга била шокирана. Од својот сопруг барала да ѝ ја каже причината зошто го променил своето мислење. Ѝ рекол, дека кога таа си легнала, тој го вклучил телевизорот, и наишол на програмата што ја водел Даг Бачелор.

Даг Бачелор проповедал за Десетте Заповеди и за тоа како луѓето се заведени со погрешното сфаќање за 4-тата заповед. Тоа ме поттикна подлабоко да ја истражувам Библијата.

Олга и Џони првата наредна сабота отишле во адвентистичката црква, и никогаш повеќе не се свртеле назад.

(Погледнете го краткиот видео-клип за Олга и Џони на јутјуб, bit.ly/olga-chee ibit.ly/johnny-chee)

## Брзи факти

**Кујната на Белизе е мешавина на различни култури кои живеат во земјата. Слична е на мексиканската/централноамериканската и јамајканската/англокарипска.**

**Национален цвет на Белизе е црната орхидеја, а национална птица е Туканот.**

**Повеќе од 400 различни видови риба живеат долж 300км долгиот корален гребен.**

**Белизе има единствен резерват јагуари на светот, познат под називот Кокскомб басен, престојувалиште за диви животни.**



# Храна која не е бајата

**Белизе / 17 февруари 2018**

**Сејди Мекензи, 63**

Сејди се грижела за тоа што ќе каже нејзиниот сопруг Маркус, кога ќе дознае дека сака да биде крстена на една серија евангелски предавања во Белизе.

Одела на таа евангелизација секоја вечер, но Маркус одбивал да појде со неа. Знаела дека нему нема да му се допадне нејзината одлука, бидејќи тоа значело дека тој ќе треба да престане да оди на игранки, забави и да пие алкохол.

Сејди чекала до четврток навечер, два дена пред своето крштавање, за да ја изнесе својата вест. Го чекала вистинскиот момент за да го стори тоа. Во креветот, секоја вечер, Маркус ја подавал раката и Сејди својата глава ја потпирала на неговата рака. Го чекала вистинскиот момент, кога ќе легнат, за да ја изнесе својата информација.

„Ќе се крстам во сабота“, рекла тивко.

Маркус, истиот момент ја повлекол својата рака, а лицето му се збрчкало од лутина.

„Ќе те напуштам. Ако се крстиш, ќе мораш да живееш со адвентистите“, отсечно изјавил.

Едно време негодувал, додека Сејди слушала, а потоа му кажала, „Ако ме напуштиш, Бог ќе направи да бидам среќна и без тебе“.

Маркус не одговорил ништо, само се свртел и заспал. Наредниот ден, Маркус повторно негодувал за искушенијата со кои ќе се соочи, ако неговата жена стане адвентист. Не сакам да јадам бајата храна во сабота, не сакам да јадам храна која е направена во петок“.

„Ако не сакаш да јадеш бајата храна, ќе направам храна која може подолго да стои“, одговорила Сејди.

Тој одговор не го задоволил. „Ако го направиш тоа, следниот пат

кога ќе те видам, ќе те претепам“.

Сејди била исплашена и побарала од луѓето кои биле на евангелските предавања да се молат за неа. И самата се молела за Божја заштита.

Маркус не бил дома кога се вратила од своето крштавање таа саботата, но нејзиното срце почнало забрзано да чука веднаш штом влегол во куќата на предната врата. Била сигурна дека ќе ја тепа.

Но наместо насилство, Маркус ја прегрнал и ѝ рекол, „Значи сега си нова жена“. Потоа брзо додал, „Јас, додека сум жив, никогаш нема да одам во адвентистичката црква“.

„Тоа е твој избор“, одговорила Сејди. „Бог секому му дава можност да избере што ќе прави, но кога ќе дојдеш на крајот од патот, немој мене да ме обвинуваш. Јас ти покажав по кој пат треба да одиш“.

Откако се крстила, колку-толку, животот се вратил во своето нормално течение, освен што Маркус се жалел поради своите саботни оброци. Сакал Сејди да готви за него во сабота, обвинувајќи ја дека не го почитува. Одбивал да ја јаде храната што му ја подготвувала во петок и заминувал да јаде во барот кој се наоѓал спроти адвентистичката црква. Освен што јадел, тој таму и пиел. И кога се враќала од црква и минувала покрај барот, тој ја поздравувал во видливо пијана состојба.

Сејди се молела Бог да го допре срцето на нејзиниот сопруг. Почнала секој петок да ја пегла неговата најубава облека за да има да облече нешто убаво, ако некогаш одлучи да тргне со неа во црква.

Еден петок, Маркус се согласил наредниот ден да појде со неа в црква. Но, таа вечер, тој отишол во кино, а потоа во барот. Кратко време по неговото враќање дома, силен земјотрес ја стресол куќата. Маркус бил преплашен и паднал на подот. Повикал, „Боже, поштеди го мојот живот и дај ми втора шанса“.

Сејди остро му одговорила на својот сопруг, „Како што доаѓа земјотресот, а никој не знае дека доаѓа, Исус исто така ќе дојде, а ти нема да бидеш подготвен“.

Сè чинело како куќата да се тресе цела вечност, а Маркус за тоа време плачел. Некој сосед го видел како плаче, бидејќи вратата била отворена.

Кога земјотресот престанал, Маркус почнал да се предомислува. „Не сакам да одам во црква бидејќи луѓето ќе кажат дека сум до-

шол поради земјотресот".

„Немој да грижиш за она што мислат луѓето. Многу луѓе нема да бидат на небото, бидејќи се грижеле за тоа што другите луѓе мислат за нив".

Кратко време потоа, евангелска серија предавања се одржувала во нивното село и Сејди го повикала својот сопруг да дојде. Меѓутоа, тој одлучил да оди во барот и да пие. Наредната ноќ повторно бил пијан. Третата вечер, му рекла, „Ако наместо со мене, повторно одиш со твоите пријатели, тоа значи дека нив ги сакаш многу повеќе од мене. Ако тоа е твојата одлука, можеш да останеш со нив".

Маркус сепак решил да оди на предавањето и кога говорникот упатил повик, тој излегол напред пред олтарот. Сејди не се осмелувала да се надева дека ќе биде крстен, сѐ додека не го види како излегува од водата. „Плачев, не можев да верувам", кажува таа.

Сејди и Маркус станале верни водачи на црквата во Белизе. Сејди, која сега има 63 години, водела шест евангелски серии предавања, кои резултирале со повеќе од 50 крштевања. Уште стотина други луѓе дошле во црквата преку нејзината посветена работа и влијание што го извршиле таа и Маркус во нивното место.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година бил употребен за да се изгради камп, во кој адвентистичката црква може да одржува редовни евангелски средби во Белизе. Ви благодариме што со своите мисионски дарувања давате поддршка на активностите на нашата црква.

(Прочитајте ја приказната на Сејди во Детското Мисионско списание на страна 24, или преземете ја приказната од интернет линкот: y/childrensmission; погледнете го и краткиот видео-клип на Сејди на bit.ly/sadie-mckenzie).

## Мисионски информации

**Повеќе од половината од населението на Белизе е билингвално, а голем дел дури и мултилингвално.**

**Економијата на Белизе зависи од извозот на нафта и земјоделските добра, како што се шеќерот или бананите, иако и туризмот забрзано напредува.**



# Втора шанса

**Мексико / 24 февруари 2018**

**Езекил Перез Гонгора, 34**

Почнав да пијам откако се оженив, а тогаш имав 20 години. Потоа почнав и да пушам, а набрзо станав алкохоличар и зависник од цигари. Сакав да одам на забави.

Мојата сопруга беше крстена откако ја посетуваше евангелската серија предавања што ја држеше пасторот Ричард Перез во адвентистичката црква, која се наоѓаше во близина на нашиот дом во мексиканската држава Табаско. Меѓутоа, јас двапати одбивав да бидам крстен.

Мојот животен стил ги донесе и своите последици и по 13 години се јавија здравствени проблеми кога грбот почна многу да ме боли. Одев во локалните медицински установи, и таму ми даваа лекови кои не ми помагаа многу. Така отидов во Југоисточната адвентистичка болница. Докторите ми направија различни прегледи (сликање со скенер, биохемија и др.), но не можеа да ја најдат причината за моите проблеми.

Болките во грбот се зголемуваа и добив висока температура.

На четвртиот ден од моето лежење в кревет, дојде да ме посети пасторот на болничката капела, Ричард Перез. Веднаш ме препозна и ме поздрави по име.

„Ова е време во кое ти е потребен Бог", рече тој.

Ја зеде својата гитара и отпеа две песни. Потоа, ми читаше текстови од Библијата. Во тој момент сфатив дека Бог навистина ме сака.

Пред да си замине, пасторот ги замоли сестрите што се грижеа за мене, да бидат со мене во сабота и да ми раскажуваат за Бога. И тие навистина го сторија тоа.

Се чувствував ужасно. Болката беше неподнослива, а температурата и понатаму беше висока.

Седмиот ден, докторот влезе во мојата болничка соба со загрижен израз на лицето. Ми кажа дека треба да поразговараме насамо, и ја замолив својата сопруга за излезе од собата.

„Вие ги имате сите симптоми на СИДА, а за да бидеме сигурни, ќе направиме дополнителен тест".

По тестот, докторот замина, а мојата сопруга се врати и ме праша што се случи. Не можев да ѝ одговарам, бидејќи и самиот не бев сигурен. Знам дека живеев лошо, и можеби тоа е и причината за мојата болест.

Тогаш се сетив на зборовите на пасторот, „Ова е време во кое ти е потребен Бог".

Ја замолив сопругата да излезе од собата, затоа што сакав да се помолам насамо. Се молев и плачев. Го молев Бога за втора шанса и да ми помогне да немам Сида.

По некое време, докторот се врати во собата.

„Имам и добра и лоша вест", рече тој. „Добрата вест е дека немаш СИДА, а лошата вест е дека навистина не знам што ти е".

Знаев дека Бог одговори на мојата молитва, бидејќи резултатите од тестот беа негативни.

Другиот дополнителен тест покажа дека имам плеурален излив, насобрана течност меѓу ткивото на белите дробови и градниот кош. Докторот ми стави цевчиња за испуштање на флуидот, и ми рече дека за 5 дена можам да си одам дома.

Меѓутоа, по пет дена и понатаму се чувствував лоши, и едно дополнително испитување ми откри тумор.

„Морам да ве предупредам", рече докторот, „само чудо може да ви помогне".

Беше закажана итна операција за наредниот ден. Се молев повторно. Го молев Бога да го спаси мојот залудно потрошен живот.

На денот на операцијата, во операционата сала, се молев додека анестезијата почна полека да дејствува. „Ако ме оставиш во живот, ќе се крстам и ќе го предадам мојот живот во Твои раце".

Операцијата траеше шест часа. Кога се рабудив, повторно бев во својата болничка соба. Мојата сопруга и ќерка ми чекаа да се разбудам за да разговараат со мене. Бев убеден дека Бог ми даде втора шанса.

По 21 ден, конечно излегов од болницата. Три седмици потоа, во црквата се одржа серија евангелски предавања, и јас бев крстен. Сега служам како домаќин и главен ѓакон во црквата.

Му благодарам на Бога што на луѓето им дава втора шанса! Ќе му служам до крајот на својот живот.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на нов блок во Југоисточната адвентистичка болница во Виљахермоса во Мексико, и со тоа ќе се прошири дијапазонот на здравствени услуги наменети за локалната средина. Ви благодарам што ги поддржувате мисионските активности на христијанската адвентистичка црква.

## Мисионски информации

**Во Мексико живеат 123 милиони луѓе.**

**Полуостровот на запад од Мексико се вика Баха Калифорнија и тој е најголемиот полуостров на светот. Таму растат повеќе од 120 видови кактуси.**

**Грбот на Мексико прикажува орел кој стои на кактус и држи змија во клунот. Легендата вели дека Астеките го основале и изградиле својот главен град Теночтитлан (Денешен Мексико Сити) на местото каде го виделе орелот, кој седел на кактус и јадел змија.**

**Мексико е најголемата земја на светот во која се зборува шпанскиот јазик.**

**Мексико е најголемиот производител на сребро во светот.**

**Мексико произведува најмногу автмобили од која било друга земја на Северна Америка.**



# Изненадувања со Бог

**Мексико / 3 март 2018**

**Лаура дел Кармен Флорес Дијаз, 23**

Животот на Лаура во Мексико бил полн со изненадувања.

Кога имала 10 години отишла кај еден нејзин другар, и очекувала голем број деца на журката, но наместо тоа, ја дочекала една мала група која ја проучувала Библијата. Многу ги засакала библиските проучувања, и ги посетувала една година. Потоа почнала да оди во адвентистичката црква во сабота.

Откако во црквата била одржана серија евангелски предавања, таа побарала да биде крстена, но верниците на црквата сметале дека сè уште не е подготвена и одговориле дека ѝ е потребно уште да ја проучува Библијата, дека нејзините родители не се адвентисти, и дека има само 11 години. Меѓутоа, по некое време, таа сепак била упорна и се крстила.

Кога Лаура го завршила своето средно образование, сакала да се запише на еден адвентистички универзитет, но немала пари за да ги покрие училишните трошоци. Нејзината желба да стекнува образование од адвентистички професори, уште повеќе почнала да расте кога пасторот ѝ рекол дека адвентистичките универзитети нудат и библиски предмети. Почнала да сонува да стане библиски учител.

Лаура се договорила со Бога. Се молела, „Ако ми дозволиш да студирам на адвентистичкиот универзитет, ќе станам професорка по библиска настава во средното училиште. Ако сега не студирам на адвентистичкиот универзитет, ќе се вработам, ќе се омажам и ќе студирам подоцна“.

Бог одговорил на нејзината молитва за да го продолжи своето образование. Била прифатена на еден адвентистички универзитет, иако немала доволно пари за да го покрие ни целиот прв семестар.

За да заработи пари за своето образование, почнала да работи како домашна помошничка. Наредниот семестар ја платила целата школарина. Четири години подоцна, стекнала диплома во областа на семејните односи, и била без никакви долгови кон универзитетот.

Кога видела дека Бог одговорил на нејзината молитва, одлучила да го одржи својот дел од ветувањето, да стане професор по библиска настава во средното училиште. Но, најпрво било потребно да стекне диплома по мастер-студии, односно да стане магистер, и повторно немала пари за школарина.

Лаура испратила писма во кои барала стипендија на два универзитета. И од двата универзитета ѝ одговориле дека, за да ги плати своите трошоци, би требало да работи како литерарен евангелист.

Лаура не се плашела од работа, туку сакала да добие знак од Бога, кој универзитет треба да го избере. Знаела дека е тешко да најде работа која би ги покрила сите нејзини трошоци, и затоа се молела, „Ќе одам на оној универзитет во кој ќе добијам работа.“

Четири дена откако дипломирала и размислувала како и каде ќе ги продолжи своите студии, добила писмо од адвентистичкиот универзитет Навахо. Меѓутоа, кога нејзините колеги-студенти ја виделе нејзината цврста желба, собрале доволно средства за да ги покријат трошоците за патот.

Лаура денес е дипломиран студент на Навахо универзитетот и се радува што ќе може да им предава библиска настава на средношколците.

Нејзиниот омилен библиски стих е, „Блажен е човекот, кој поднесува искушение, зашто кога ќе биде испитан, ќе прими венец на живот, што Бог им го ветил на оние, кои Го љубат“ (Јаков 1,12).

„Како млади луѓе, имаме многу искушенија. Но, секогаш можеме да ги пребродиме со Божја помош. Бог ќе им даде на оние кои Го сакаат, способност да ги надминат своите искушенија“.

Животот на Лаура бил полн со изненадувања, и таа сака што се одвивал нејзиниот живот во таа насока. Нејзиниот совет до другите студенти, кои немаат доволно пари за адвентистичко образование, е да се потпрат на Бога.

„Бог е сопственик на сè. Тој ќе ви обезбеди сè, не само она што ви е потребно, туку и многу повеќе, ако имате доверба во Него“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за да се прошири адвентистичката болница во родниот град на Лаура, Вилјахермоса, кој ќе овозможи да дава нови здравствени услуги во локалната средина. Ви благодарам што со своите дарови го помагате Божјото дело, мисијата на христијанската адвентистичка црква.

## Брзи факти

**Фрида Кало е една од најпознатите мексикански уметници во дваесеттиот век.**

**Мексико има разновидна клима, од тропска до пустинска.**

**Најголемиот планински врв во Мексико е вулканот Пико Оризаба, висок 5,636 метри. Овој врв е трет по висина во Северна Америка.**

**Чичен Ица е пирамида на Маите, и претставува дел од светското културно наследство, која ја посетуваат повеќе од милион луѓе секоја година.**

**Во Мексико се наоѓаат јагуари, пуми и големи игуани. Во џунглите на јужно Мексико, ќе наидете на различни видови влекачи, мајмуни, шеренолики птици, како што се папагалите. Во океаните, понекогаш и на брегот на Јукатан, можат да видат китови, ражи, морски крави.**

**Мексиканците спортот го доживуваат многу сериозно. Во древни времиња, поразените во ритуална игра со топка, биле убивани. Во некои опасни спортови, како што се борбите со бикови и родеото (измислено во Мексико), натпреварувачите често пати ги доведуваат своите животи во опасност.**



# Страшното куче

**Тринидад и Тобаго / 10 март 2018**

**Шанел Октејв, 22**

Десетина студенти од Јужнокарипскиот универзитет во Тринидад и Тобаго, одат од врата на врата, продавајќи книги секое лето за да си ги платат своите трошоци за студирање. Многумина меѓу нив работат на Карибите, но јас се придружив на една група од десетмина студенти кои појдоа во Канада.

Дојдов во градот Понок, кој се наоѓа во провинцијата Алберта, и бев здружена со студент од Романија кој слабо зборуваше англиски. Еден дождлив петок појдовме во колпортажа  и секој од нас зеде по една страна од улицата. По неколку часа, можев да ја видам фрустрацијата во неговиот поглед.

„Дали ти треба помош?“ – го прашав додека се движевме кон последниот дел од улицата, предвиден за тој ден.

Тој кимна со главата. Се помоливме и тргнавме, со цел да завршиме со продавање книги во оваа улица.

Во првата куќа, човекот ја тресна вратата пред лицето на мојот романски пријател. Од некоја причина, таа сцена ми се виде многу смешна, но тогаш забележав колку тажно изгледа мојот пријател, му се извинив и му реков, „Ајде да одиме пред секоја врата заедно“.

Отидовме на неговата страна од улицата, се помоливме и се приближивме до вратата. Тропнав и веднаш добив одговор: жестоко лаење на едно мало куче. Сопствениците на кучиња обично не сакаат кога нивните милечиња лаат, и најчесто одбиваат да купат книга. Веројатно, жената што ја отвори вратата, не изгледаше среќна што нè гледа. Кученцето околу нејзините нозе исто така не беше среќно, и продолжи да лае.

Се обидов да не обраќам внимание на кучето и ѝ ја подадов здравствената книга „Билки кои лечат“. Додека зборував, почувствував

дека оваа жена ќе ме одбие, бидејќи нејзиното куче не престануваше да лае. Му се обратив на кучето. „Малечок Запуштенко, што се случува? Зошто правиш толку голема врева: дали затоа што сум странец“.

Во тој момент, жената ме праша дали и порано сум била во нејзиниот дом. Тоа прашање ме збуни. „Не“, реков, „Никогаш порано не сум била во оваа куќа“. „Како тогаш знаете за Запуштенко?“ – ме праша.

Ѝ реков дека не го познавам нејзиното куче. Жената нè повика да влеземе внатре. „Запуштенко беше името на моето претходно куче, кое загина токму на местото на кое вие стоите“.

Нејзините зборови ме изненадија и изразив жалење поради нејзината загуба. Жената нè праша што правиме по овој дожд. Се насмевнав и од торбата ја извадив книгата „Мир над бурата“, редизајнирано издание на книгата на Елена Вајт „Патот кон Христа“. Ѝ изнесов неколку информации за книгата.

Токму кога жената се подготвуваше да ме праша за цената на книгата, дојде нејзиниот сопруг. Се свртев кон него, и се обратив со зборовите, „Добар ден, господине, како сте? Јас се викам Шанел, како се викате вие?

„Џон“, одговори човекот. „Не ми се верува“, одговорив. „И мојот татко се вика така.“ Жената ме прегрна и ме праша од каде сум. Кога ѝ реков дека сум од островот Санта Луција, таа почна да плаче. „Ќе одиме во Санта Луција, за време нашиот следен одмор. „Ме замоли малку да ѝ раскажам за островот, додека со погледот го бараше паричникот.“

„Обично не разговарам со продавачите кои доаѓаат на мојот праг, но ти веројатно си мојот ангел. „Го нарече моето куче по име, потекнуваш од островот на кој наскоро планирам да одам, и името на твојот татко е исто како и името на мојот сопруг. Покрај тоа, имаш и пријатен израз на лицето. Дали си сигурна дека не си мојот ангел?“

Се насмевнав и реков дека сум потполно сигурна дека сум само Шанел. Жената ги купи двете книги и побара да се потпишам на нив. Покрај моето име на книгата „Мир над бурата“ додадов едно кратко Божјо ветување. Жената цврсто ги прегрна книгите.

Додека ја напуштавме куќата, мојот романски пријател беше

воодушевен и рече, „Шанел како го направи тоа?“ Таа беше готова да нè одбие и да ни ја затвори вратата, а наместо тоа ти ѝ продаде две книги.

Му ги подадов парите и реков, „Бог го направи тоа“. Додека одевме по улицата, жената излезе од својот двор и викна по нас, „Сè уште мислам дека ти си ангел! Ти благодарам за овие прекрасни книги. Кога ќе ги прочитам ќе ѝ ги дадам на мојата ќерка“.

Бев крајно среќна што можев да упатам некого кон Бога. Мојата цел за тој ден беше исполнета. Допрев еден живот во Божјо име.

Шанел Октејв ја минува последната година од своите студии по сметководство на универзитетот Тринидад и Тобаго. Дел од даровите за 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за да се изгради црковна зграда во кампусот на универзитетот. Ви благодариме што ја поддржувате мисијата на христијанската адвентистичка црква.

## Брзи факти

**Три од најлутите пиперчиња на светот потекнуваат од Тринидад. - Тринидад Моруга; Даглах „Скорпијата“ од Тринидад. „Бач Р.“, најголемото парче од коралниот гребен 3*5 метри се наоѓа во Спејсад во Тобаго.**

**2006 година, Тринидад и Тобаго станале најмалата држава која некогаш се квалификувала за светско првенство во фудбал.**

**Доктор Џозеф Ленокс Паван од Тринидад, ја открил трансмисијата на беснило од вампирски слепи глувци на човеки во 1933 година, што довело до развој на вакцината за тој вирус.**

**Тринидад и Тобаго е единствената држава чиј главен град е наречен по некоја друга држава Порт оф Спејн (пристаниште на Шпанија).**

**Музиката Калипсо, групите музичари со челични тапани и танцот лимбо потекнуваат од Тринидад и Тобаго.**



# Шиење за Исус

**Јамајка / 17 март 2018**

**Мејвис Бурел Спенсер, 66**

Мејвис не била сигурна што да прави со висококвалитетната кројачка работа на својот сопруг, кој починал пред десетина години.

Нејзиниот сопруг основал три успешни кројачки салони на Јамајка, вклучувајќи го и главниот аутлет за продажба во кој работеле 25 службеници во трговскиот центар, во главниот град на оваа островска држава, Кингстон.

Мејвис, сфаќајќи дена е важна животна крстосница, одлучила сама да ја води работата.

Десетина години подоцна, Мејвис повторно била на една животна крстосница. Сакала да биде крстена во христијанската адвентистичка црква, а саботата била нејзиниот ден во кој имала најмногу работа. Искрено му се молела на Бога да ѝ помогне и да ѝ даде мудрост што да прави.

Мејвис, која одвреме-навреме одела во црква каде се празнувала неделата, за адвентистичката црква дознала од некои свои пријатели адвентисти. Меѓутоа, не знаела дека 4-тата заповед „Помни го саботниот ден за да го празнуваш“, во денешно време се однесува на сите христијани.

Работите почнале да се менуваат откако еден семеен пријател ја повикал Мејвис на седмични проучувања на Библијата. Пријателот, сопственик на еден дуќан, некогаш се молел и редовно проучувал со нејзиниот сопруг, пред тој да почине. Мејвис тогаш ги одбивала неговите покани да дојде во црква, оправдувајќи се дека е премногу зафатена. Меѓутоа, сега ја повикал на проучување на Библијата во рамките на мала група, контактирајќи ја секоја седмица, и потсету-

вајќи ја да дојде.

Мејвис била зачудена од своето откритие дека многу малку ја познава Библијата. „Читајќи ја Библијата, почувствував како сè одеднаш да почна да се отвара пред мене. На еден состанок во малата група изјавив дека не сум знаела за сите тие многубројни работи запишани во Библијата.

Покрај вистината за саботата, не знаела дека Исус наскоро ќе дојде и ќе ги поведе праведниците во своето царство. Била восхитена од библискиот опис на Новата Земја.

„Колку повеќе ми беше објаснувано, толку повеќе сакав да откривам". Но, таа и понатаму продолжувала да работи со кројачките салони во саботите. Сепак, една вечер, додека возела накај дома, по состанокот со малата група, почувствувала како да ѝ се обраќа некој глас: „Можеш да бегаш, но не можеш да се скриеш".

Мејвис почнала искрено да се моли во врска со саботата.

„Не го прифаќав потполно она што го дознавав. Верувам дека Господ ми кажа, дека бегам од Него, но не можам да се скријам, без оглед на сè што ми се случува."

Во декември 2016 година донела одлука. На вратите од своите три салони поставила натпис на кој пишувало, „Од 7 јануари, кројачките салони Спенсер нема да работат во сабота. Салоните ќе бидат отворени во недела".

Мејвис била крстена на 7 јануари. Неколку клиенти се побуниле поради затворањето на салоните.

„Како можете да го правите тоа? Сабота е најпродуктивниот ден, зошто не работите во сабота?" – ја прашувале.

Мејвис трпеливо им објаснувала, „Мојот небесен татко ми кажа дека сè му припаѓа Нему, затоа не Му претставува никаков проблем да ми пружи онолку колку што ми е потребно."

Иако нејзините салони биле затворени во сабота, тие сепак почнале финансиски да напредуваат. Клиентите почнале да ја одобруваат нејзината работа во недела. Големите метежи во трговскиот центар, во кој се наоѓал нејзиниот најголем салон, често доведувале до тоа да не може да се најде слободно место за паркирање во саботите. Меѓутоа, во недела, кога трговскиот центар бил речиси празен, нејзината продажба била зголемена. На многумина им одговарало да

дојдат во недела. Им се допаднала идејата да не мораат да се тепаат за паркинг место.

Позначајно и од самите пари било тоа што Мејвис стекнала ново семејство во црквата. Таа засекогаш ќе го памети топлиот прием на кој наишла кога за првпат дошла во сабота во црква.

„Се чувствував како пред мене да се отвораат вратите. Сите беа пријатни кон мене. Луѓето беа љубезни. Никогаш не сум била посреќна во животот".

Денес, секое утро, пред да ги отвори своите салони, Мејвис му се моли на Бога да ги благослови нејзините клиенти, на нејзиниот персонал да му подари сила и љубов за добри меѓусебни односи. Некогаш нејзиниот персонал меѓусебно се натпреварувал и често се карал, а денес меѓу нив се чувствува само мир и единство.

Таа, исто така, ги повикува своите вработени да ѝ се придружат на библиските проучувања во рамките на малата група. Една личност веќе се подготвува да се крсти.

Кога ја прашуваат, кој совет би им го дала на бизнисмените кои сакаат да ја празнуваат саботата, таа знае да каже: „Немате што да изгубите, само можете да добиете, ако сè му предадете на Господа".

Нејзин омилен библиски стих е: „Сè можам преку Христа, кој ми дава сила" (Филипјаните 4,13).

Насочете го својот поглед кон Исуса, бидејќи Тој е извор на животот. Без Него немате ништо, со Него имате сè".

(Погледнете го краткиот видео-клип на јутјуб: bit.ly/mavis-spencer).

## Брзи факти

**Во 1988 година, Јамајка станала прва тропска држава што испратила екипа за натпреварување во боб на зимските олимписки игри.**

**На Јамајка се наоѓаат над 200 видови егзотични орхидеи, од кои некои се 73 автохтони.**

**Лука Кингстон е седма по величина природен залив на светот.**

**Јамајка е држава од која потекнува најбрзиот човек, Јусеин Болт.**



# Божјиот посвоеник

**Јамајка / 24 март 2018**

**Раглан Вејт, 50**

*Денешната приказна ни доаѓа од Раглан Вејт домаќин на центарот „Добриот самарјанец“ кој им помага на бездомниците во Кингстон на Јамајка.*

Пораснав во дом за напуштени деца и кога наполнив шест години ме посвои семејство кое ја празнуваше саботата. Кога имав 17 години, моите посвојувачи умреа, и јас немав средства за живот. Очаен и со длабока желба за преживување, почнав да ги барам своите биолошки родители.

Се вратив во домот, и таму го дознав името на мојата билошка мајка. Меѓутоа, никој не сакаше да ми каже каде живее таа.

Отидов во локалната владина организација за помош на сиромашните, кои работеа на идентификација на општата помош наменета на социјално загрозените лица. Жената што работеше таму, ми кажа дека мојата мајка и останатите членови на моето биолошко семејство, биле на листата на оние што добивале помош.

Ми рече дека дури и мојот биолошки брат бил во моето училиште. Одби да ми даде дополнителни информации, наведувајќи причини за приватноста на податоците. Меѓутоа, вети дека ќе го контактира мојот брат и ќе му каже дека може да ме најде, ако сака.

Еден ден, додека гледав некој фудбалски натпревар, еден од професорите на училиштето ме чукна по рамото и рече, „Дали си ти Реглан? Ние сме браќа“.

„Бев пресреќен“!

Карл беше седум години постар од мене, и сакаше да ме одведе во својот дом.

Ги спакував оние малку работи што ги имав, и се преселив во

својот нов дом. Таму, за прв пат во мојот живот, ја видов мајка ми. Таа се разболела од некоја ментална болест, и изгледаше како да не ме препознава. Но, ми беше мило што конечно можев да ја запознаам.

Мојот брат, кој беше верник на христијанската адвентистичка црква, ме повика да одам со него во црква.

Верниците на црквата многу ми помогнаа. Не знаев добро да читам ниту да пишувам. Ме подучуваа со помош на саботношколските библиски лекции. Ми помогнаа да се пријавам Летниот библиски курс на адвентистичкиот универзитет, каде што научив на кој начин можам да ја проучувам Библијата и да им сведочам на другите луѓе.

Кога имав 22 години, се оженив и набргу добив и дете. Работев на бензиска пумпа во туристичката населба „Монтего Беј“.

Во меѓувреме, станав ракоположен старешина и активен верник во црквата. Во тоа време, црковните водачи ме прашаа дали би работел на основање на одделот на саботната школа во селски предел во кој црквата некогаш имала силно влијание. Ги делевме саботношколските лекции на некогашните верници на црквата, како начин на сведочење. Бевме сиромашна црква и немавме средства. На овој начин контактиравме над 50 бивши верници.

Кога имав 36 години, мојот приватен живот почна да се распаѓа. Се разведов и по некое време повторно се оженив. По кавгата со еден црковен старешина, излегов од црквата и престанав да ја посетувам, празнувајќи ја саботата во својот дом.

Пред три години се преселив во главниот град на Јамајка, Кингстон, и таму започнав некоја работа со еден партнер. Мојата сопруга остана кај моите роднини во другиот град, додека ние двајцата се обидувавме да ја поставиме работата на своите нозе.

Кога мојот партнер и јас се скаравме, работата ни пропадна. Се обидував да пронајдам некоја нова работа. На крајот изгубив сè, дури и домот во кој бев сместен, а гордоста не ми дозволуваше да ѝ се обратам на сопругата и на останатите роднини за да побарам помош. Во наредните три месеци спиев на улица.

Еден ден, разговарав со еден бездомник, за тоа каде би можеле да се избањаме, да ја промениме облеката или да добиеме храна, и тој

ми кажа „Оди во организацијата „Добриот самарјанец“, таму ќе ти дадат храна.

Луѓето што работеа таму, беа мошне љубезни. Ми дадоа да јадам, облека да се пресоблечам. Набргу дознав дека оваа организација ја води адвентистичката црква. Почнав редовно да доаѓам, чувствувајќи потреба со нешто да возвратам за доброто што го примав. Затоа почнав да го чистам дворот. Набргу одново почнав да одам во црква и повторно бев крстен.

Денес имам 50 години и работам како домаќин во организацијата „Добриот самарјанец“. Имам своја канцеларија и простории за сместување. Се смирив со мојата втора сопруга.

На улицата научив дека е добро да се биде посвоен од непознати луѓе, но првенствено да се биде посвоен од Небесниот Татко.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година беше употребен за да се реновира центарот „Добриот самарјанец“ во Кингстон на Јамајка, како и да се прошири лепезата на услуги, со воведување на медицинска и стоматолошка нега, наменета за социјално загрозените лица и за бездомниците.

Ви благодариме што давате своја поддршка на центарот „Добриот Самарјанец“, за да може да ги продолжи своите мисионски активности и да допре до луѓето како што е Раглан.

*Учесници: 1 наратор и 2 говорници, кои ќе ја претстават приказ-*

## Брзи факти

**Околу 1/4 од економијата на Јамајка доаѓа од туризмот, со повеќе од милион странски туристи кои ја посетуваат секоја година.**

**Јамајка е најголемо англиско говорно подрачје на Карибите, иако повеќето луѓе се служат со јамајканскиот патоа јазик, една англиска форма на креолски јазик.**

**Протестантите сочинуваат 70% од населението на Јамајка. Адвентистичката црква е втора според застапеноста, по Божјата црква. Секој 9-ти жител на Јамајка е адвентист.**

# Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Во љубовта сме срeќни" - Од Песнарка на христијанската адвентистичка црква, бр. 237 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Кетеринг за Христа" |
| **Дар** | Замолете ги децата, додека се приложува дарот, да ја пеат песната „Го држи цел свет в рацете" на шпански јазик (види страница 31. од списанието детска мисија, или преземете го од линкот: bit.ly/childrensmission). |
| **Завршна песна** | „Ме води Бог" - Песнарка на христијанската адвентистичка црква, бр. 178 |
| **Завршна молитва** | |

*наша. Едно машко и една шинејџерка.*

**Белешка:** (Учесниците не мораат да ги учат напамет своите делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мораат сѐ да читаат од скриптата. Извежбајте ја целокупната програма, така што учесниците ќе можат да се почувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно).

**Нараторот:** Ова тримесечје запознавме луѓе од Порторико, Мексико, Јамајка, Тринидад и Тобаго и Белизе, земји кои ја сочинуваат

Интерамериканската дивизија (ИАД). Денес ќе запознаеме млада брачна двојка од Белизе. Џуниор и Стефани Робертс, кои имаат кетеринг компанија во Кингстон, главниот град на Јамајка. Кога се крстиле, тие имале некои проблеми околу работата, поради што го промениле својот бизнис модел. На своите клиенти престанале да им послужуваат јастози и жестоки алкохолни пијалаци, притоа одбивајќи во петок навечер и во сабота договори за работа кои носат големи приходи.

Да почнеме со претставувањето.

**Џуниор:** Јас имам 28 години.

**Стефани:** Јас имам 27 години.

**Нараторот:** Како се запознавте?

**Џуниор:** И двајцата работевме во голема прехранбена компанија во Кингстон. Јас бев готвач. Правев јадења користејќи ракови, јастози, и друга морска храна.

**Стефани:** Јас работев како помошник на менаџерот во одделот за вино и алкохолни пијалаци. Лично гледано, го сакав виното.

**Нараторот:** Како дознавте за Христијанската адвентистичка црква?

**Џуниор:** Пред три години, еден мој пријател, адвентист, ме повика да ја проучуваме Библијата во рамките на малата библиска група во нивниот дом. Увидов дека проучувањата на Библијата се мошне интересни, и ја повикав и Стеф да ни се придружи. Меѓутоа, таа не беше заинтересирана.

**Стефани:** Јас бев зафатена со работата и немав време, но кога една година подоцна почнав да одам на состаноците на групата за библиско проучување со Џуниор, бев воодушевена од она што го читавме. Прашав, „Значи ова е Библијата?“ Видов дека често се споменува саботата, и сфатив дека саботата е вистински ден за богослужение.

Еден ден, го почувствував дејствувањето на Светиот Дух, кој ми зборуваше, „Време е!“ Тогаш одлучив да му го предадам својот живот

на Бога. Иако јадев свинско месо, ракови и го сакав виното, не ми беше тешко да се откажам од сето тоа. Сметав дека треба да бидам разумна, токму сега кога знам што е правилно. Мислам дека виното не е позначајно од спасението.

**Џуниор:** Стеф и јас исто така сакавме нашиот однос да биде правилен кон Бога, па се венчавме во септември 2015 година и еден месец подоцна заедно се крстивме.

**Нараторот:** Што се случи со вашиот кетеринг бизнис?

Стефани: Ни беше кажано дека нема да опстанеме, бидејќи повеќето кетеринг настани се одржуваат во петок навечер и во сабота. Најдобрите клиенти имаа тенденција да порачуваат ексклузивна морска храна и алкохолни пијалаци. Всушност, за време на крштавањето ги преполовивме нашите приходи.

**Џуниор:** Токму по крштавањето, еден клиент ни кажа дека сака венчавка на која ќе се служи морска храна за која беше подготвен да плати 1 милион јамајкански долари (7700$). Ги нарача сите видови на морска храна што ги сакаше и рече дека венчавката ќе ќе се одржи на 2 јануари. Го погледнав календарот и видов дека споменатиот ден беше сабота. Моравме да ја одбиеме оваа работа.

Еден од првите редовни договори што ги изгубивме беше со една влијателна деловна жена. Се грижевме за нејзините вечерни оброци неколку пати седмично, па не мораше да готви за своето четиричлено семејство. Но, откако се крстивме, ѝ кажавме дека не можеме повеќе да ги служиме нејзините омилени јадења со јастог и свинско месо. За време на нашата последна посета, извади одмрзната сварена шунка, и ми рече: „Оваа шунка не морате да ја готвите, дали може само да ми ја исечете?“

Јас мислам дека ова беше само тест. Ја оставив шунката на масата и ја отворив Библијата на својот мобилен телефон за да ѝ покажам што вели Библијата за допирањето производи од нечисти животни. Но, таа не сакаше да слуша. Кога дојде во кујната, ме прекина и ми кажа: „Вашите избори му пречат на мојот животен стил.“

**Стефани:** Бог ги поправи работите на интересен начин. Осумнаесет месеци подоцна, таа жена бараше да соработуваме при организирање оброк на семејно собирање во петок навечер. Ни кажа дека не треба да се плашиме и дека нема да бара од нас да правиме ком-

промиси со храната. Исто така, беше толерантна во врска со саботата. Кога сонцето заоѓаше, и бевме подготвени да ѝ кажеме дека треба да си одиме, таа ни рече, „Знам. Вашето време дојде. Можете да си одите“.

На наше изненадување, таа ни кажа дека почнала да оди во црква во недела. Ние се молиме оваа жена да ја прифати саботата како ден во кој се слави Бог.

**Нараторот:** Како опстанавте во кетеринг индустријата?

Стефани: Во текот на наредните неколку месеци, преживувавме практично со многу малку средства. Нашиот приход, отиде многу под просечната плата, но се случи една чудна работа. Роднините и пријателите почнаа да ни носат храна. Добивавме пакети со храна од другите. Никогаш од никого не баравме храна, и никогаш не бевме гладни. Имавме толку многу храна што можевме и да ја делиме со другите.

**Џуниор:** Нашата кетеринг компанија сега функционира многу подобро отколку порано. Порано немавме морален компас. Сега знаеме кој вид на клинети послужуваме, и нашиот приход е стабилен. Се обидуваме да воспоставиме долготрајно пријателство. Сега сме ориентирани на организацијата на помали прослави и вечери, отколку на некои големи собирања.

Повеќе немаме стресови или товар околу празнувањето на саботата. Работиме од недела до четврток, во петок, полека забавуваме, и така можеме во саботата да влеземе во мир и слободни од товарите.

**Нараторот:** Дали денеска сте задоволни од одлуките што ги донесовте?

**Стефани:** Чувствувам дека сега водам покомплетен живот. Се чувствувам исполнет. Знам дека Бог дејствуваше на мојата промена. Често се замислувам и се прашувам, каде би била ако не донесев одлука да му служам на Бога.

**Џуниор:** Би сакал да ги охрабрам верниците на црквата пoслободно да зборуваат за својата вера. Од неодамна сфатив дека двајца од моите колеги од факултет, всушност, се адвентисти. Тие во петок си заминуваа дома порано, а никогаш не кажаа зошто тоа го прават. Во тој случај, не би морала да чекам 10 години за да дознаам за сабота-

та, ако своите верувања ги споделеа со мене. Затоа, ги охрабрувам луѓето повеќе да зборуваат за оваа вистина. Кога повеќе би зборувале за тоа, повеќе луѓе би го запознале Исуса.

**Нараторот:** Никогаш не треба да се срамиме поради тоа што сме адвентисти. Секогаш треба да бидеме подготвени да им сведочиме на луѓето за причините на нашата надеж во Христовото скоро доаѓање. Со своите мисионски дарови можеме да им помогнеме на многу луѓе во Интерамериканската Дивизија (ИАД) да можат да ја дознаат радосната вест - дека Исус наскоро доаѓа.

(Приложување на даровите проследено со инструментална музика)

*Џуниор Робертс, 28,*
*и Стефани Робертс, 27*



## Идни проекти на 13-тата сабота

Наредното тримесечје ќе ја запознаеме Северноамериканската дивизија (САД) која ќе ги прими благословите од верниците насекаде во светот.

Проекти кои ќе бидат во фокусот:

» - Евангелскиот центар „Нов живот“ на кампусот на адвентисткото училиште во Индијана во Аризона во САД.

» - Училиштето Мамави Атоскетан во Алберти, Канада.

» - Мисионското училиште Ебеје на Маршалските острови во САД.

## ИЗВОРИ

### Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Белизе, Јамајка, Мексико, Порторико, Тринидад и Тобаго и Интерамериканската дивизија, обратете се во својата локална библиотека или патничката агенција или амбасадата на посакуваната земја. Внесете го називот на земјата на вашиот интернет пребарувач.

Следните веб-сајтови можат да ви бидат од полза:

government website bit.ly/BelizeGov
Lonely Planet bit.ly/LPBelize

Jamaica
government website bit.ly/JamaicaGov
Wikitravel bit.ly/WikiJamaica

Mexico
government website bit.ly/MexicoGov
Visit Mexico bit.ly/MexicoVisit

Puerto Rico
government website bit.ly/PRGov
Trip Advisor bit.ly/TripAdvisorPR

Trinidad and Tobago
government website news.gov.tt
Fodor bit.ly/FodorTT

Seventh-day Adventist
Inter-American Division interamerica.org
Jamaica Union Conference jmunion.org
Puerto Rican Union Conference upasd.org
Caribbean Union Conference bit.ly/CaribUnionC

Inter-Oceanic Mexican Union Conference asd-umi.org
North Mexican Union Conference adventistasumn.org
Southeast Mexican Union Mission unionsureste.org.mx

Адвентистичкото мисионско DVD е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат приказните од земјите за коишто зборувавме, как ои за Светкста мисија на Адвентистичката црква. Замоли го водачот на саботата школ да ти даде една копија од ова DVD или оди на http://www.subotnaskola.org/mladi-i-odrasli/adventisticka-misija-video/

Мисионското списание може да се најде и на фејсбук.

Читајте ги, коментирајте, споделете ги, лајкувајте ги нашите искуства од светот на www.facebook.com/mission-quarterlies.

## Средство за остварување на целта

Ќе помогне вниманието да се фокусира на мисијата во светот и да се зголеми седмичното мисионско дарување.

Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците, исто така, дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 1/2018
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**